Makedonije

Skopje
fak 51

СЛУЖ

НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„ЛУЖБЕН ЛИСТ НА ФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки и македонски јазик — Огласи според тарифата — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство за претплата, посебни изданија и огласи 608-3-291-2

Четврток, 29 мај 1969

БЕЛГРАД

БРОЈ 23 ГОД. XXV

Цена на овој број е 1,50 динари. — Претплата за 1969 година изнесува 60 — дин — Редакција: Улица Јована Ристића бр. 1. Поштенски фах 226 — Телефони: централа 50-931, 50-932, 50-933 и 50-934; Служба за претплата 51-732. Продавна служба 51-671.

343.

Врз основа на членот 217 став 1 точка 2 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

У К А З

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА НА СОЈУЗНАТА СКУПШТИНА ЗА ИЗБОР НА СОЈУЗЕН ИЗВРШЕН СОВЕТ

Се прогласува Одлуката на Сојузната скупштина за избор на Сојузен извршен совет усвоена на заедничката седница на Соборот на народите и Општествено-политичкиот собор од 17 мај 1969 година.

ПР бр. 817
18 мај 1969 година
Белград

Претседател на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

344.

Врз основа на Уставниот амандман IX точка 1 став 3 алинеја 4, во врска со членот 226 став 2 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Сојузната скупштина, на заедничката седница на Соборот на народите и Општествено-политичкиот собор од 17 мај 1969 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА СОЈУЗНИОТ ИЗВРШЕН СОВЕТ

Се избира Сојузен извршен совет во состав:

претседател:

Митја Рибичич;

потпретседатели:

Александар Грличков,

д-р Никола Миљаниќ,

Мишо Павиќевиќ;

членови:

инж. Марко Булц,

Драгиша Ѓоковиќ,

Душан Глигориевиќ,

Тома Гранфил,

Трпе Јаковлевски,

Иво Јеркиќ,

Мирјана Крстиниќ,

д-р Љубисав Марковиќ,

инж. Миран Мејак,

Фрањо Наѓ,

Марко Орландиќ,

Никола Павлетиќ,

Благој Попов,

Хакија Поздерац,

Али Шукрија,

Изет Зубовиќ.

Сојузна скупштина

АС бр. 32
18 мај 1969 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
Милентие Поповиќ, с. р.

Претседател на Општествено-политичкиот собор,
Радомир Коматина, с. р.

Претседател на Соборот на народите,
Мика Шпиљак, с. р.

345.

Врз основа на членот 193 став 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Уставниот амандман IX точка 1 став 3 алинеја 4, Сојузната скупштина, на предлог од Комисијата на Сојузната скупштина за избор и именувања, на заедничката седница на Соборот на народите и Општествено-политичкиот собор од 17 мај 1969 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИМЕНУВАЊЕ ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА СОЈУЗНАТА СКУПШТИНА

За генерален секретар на Сојузната скупштина се именува Стјепан Фунариќ, досегашен генерален секретар на Сојузната скупштина.

Сојузна скупштина

АС бр. 33
18 мај 1969 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
Милентие Поповиќ, с. р.

Претседател на Општествено-политичкиот собор,
Радомир Коматина, с. р.

Претседател на Соборот на народите,
Мика Шпиљак, с. р.

346.

Врз основа на Уставните амандмани II точка 2 став 1 и IX точка 1 став 3 алинеја 4, во врска со членот 17 став 2 од Законот за организацијата и работата на Сојузниот извршен совет, Сојузната скупштина, на предлог од Комисијата на Сојузната скупштина за избор и именувања, а по прибавено мислење на Сојузниот извршен совет, на заедничката седница на Соборот на народите и Општествено-политичкиот собор од 17 мај 1969 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИМЕНУВАЊЕ СЕКРЕТАР НА СОЈУЗНИОТ ИЗВРШЕН СОВЕТ

За секретар на Сојузниот извршен совет се именува Рајко Гаговиќ, досегашен секретар на Сојузниот извршен совет.

Сојузна скупштина

АС бр. 34
18 мај 1969 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
Милентие Поповиќ, с. р.

Претседател на Општествено-политичкиот собор, **Радомир Коматина**, с. р.

Претседател на Соборот на народите, **Мика Шпиљак**, с. р.

347.

Врз основа на Уставните амандмани II точка 2 став 1 и IX точка 1 став 3 алинеја 4, во врска со членот 63 од Законот за сојузните органи на управата, сојузните совети и сојузните организации, Сојузната скупштина, на предлог од Комисијата на Сојузната скупштина за избор и именувања, а по прибавено мислење од Сојузниот извршен совет, на заедничката седница на Соборот на народите и Општествено-политичкиот собор од 17 мај 1969 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА СОЈУЗНИОТ СЕКРЕТАР ЗА НАДВОРЕШНА ТРГОВИЈА

Се разрешува од должноста на сојузен секретар за надворешна трговија д-р Васил Гривчев, поради избор за сојузен пратеник.

Сојузна скупштина

АС бр. 35
18 мај 1969 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
Милентие Поповиќ, с. р.

Претседател на Општествено-политичкиот собор, **Радомир Коматина**, с. р.

Претседател на Соборот на народите, **Мика Шпиљак**, с. р.

348.

Врз основа на Уставните амандмани II точка 2 став 1 и IX точка 1 став 3 алинеја 4, во врска со членот 79 став 2 од Законот за сојузните органи на управата, сојузните совети и сојузните организации, Сојузната скупштина, на предлог од Комисијата на Сојузната скупштина за избор и именувања, а по прибавено мислење од Сојузниот извршен совет, на заедничката седница на Соборот на народите и Општествено-политичкиот собор од 17 мај 1969 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ЗАМЕНИЦИ-ПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СОЈУЗНИ СОВЕТИ

Се разрешуваат од должноста:

а) Мирјана Крстиниќ, досегашен заменик-претседател на Сојузниот совет за образование и култура, поради избор за сојузен пратеник;

б) Ѓуро Векиќ, досегашен заменик-претседател на Сојузниот совет за труд, поради одење на нова должност.

Сојузна скупштина

АС бр. 36
18 мај 1969 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
Милентие Поповиќ, с. р.

Претседател на Општествено-политичкиот собор, **Радомир Коматина**, с. р.

Претседател на Соборот на народите, **Мика Шпиљак**, с. р.

349.

Врз основа на Уставните амандмани II точка 2 став 1 и IX точка 1 став 3 алинеја 4, во врска со членот 48 став 2 од Законот за Народната банка на Југославија, Сојузната скупштина, на предлог од Комисијата на Сојузната скупштина за избор и именувања, а по прибавено мислење на Сојузниот извршен совет, на заедничката седница на Соборот на народите и Општествено-политичкиот собор од 17 мај 1969 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ГУВЕРНЕРОТ НА НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА

Се разрешува од должноста на гувернер на Народната банка на Југославија д-р Никола Миљаниќ, поради избор за сојузен пратеник.

Сојузна скупштина

АС бр. 37
18 мај 1969 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
Милентие Поповиќ, с. р.

Претседател на Општествено-политичкиот собор, **Радомир Коматина**, с. р.

Претседател на Соборот на народите, **Мика Шпиљак**, с. р.

350.

Врз основа на членот 72 од Деловникот на Сојузниот извршен совет („Службен лист на СФРЈ", бр. 33/67), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ОСНОВАЊЕ КОМИСИЈА ЗА КАДРОВСКИ И АДМИНИСТРАТИВНИ ПРАШАЊА

1. Се основа Комисија за кадровски и административни прашања, како работно тело на Сојузниот извршен совет.

2. Комисијата за кадровски и административни прашања:

1) ги следи и разгледува прашањата на кадровската политика во сојузните органи на управата, сојузните совети и сојузните организации и дава мислење за именувањата и назначувањата на функционерите што ги именува односно назначува Советот, како и мислење за височината на личниот доход и другите надоместоци на тие функционери;

2) донесува решенија во управна постапка од надлежноста на Советот, како и други поединечни решенија во работите од надлежноста на Советот што со своја одлука ќе ги определи Советот;

3) ги разгледува иницијативите што кај Советот во врска со одликувањата ги поведуваат работните и други организации и државните органи и му дава мислење на Советот заради утврдување на предлозите за доделување на одликувања.

3. Решенијата што ги донесува Комисијата за кадровски и административни прашања ги потпишува претседателот на таа комисија.

4. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престануваат со работа Комисијата за прашањата на кадрите и Административната комисија.

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 100
21 мај 1969 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Митја Рибичич, с. р.

351.

Врз основа на членот 72 од Деловникот на Сојузниот извршен совет („Службен лист на СФРЈ", бр. 33/67), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ФОРМИРАЊЕ КОМИСИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ ОДНОСИ СО СТРАНСТВО

1. Се формира Комисија за економски односи со странство, како работно тело на Сојузниот извршен совет.

2. Комисијата за економски односи со странство ги разгледува прашањата од областа на економските односи со странство, а особено прашањата во областа на размената на стоки и услуги, индустриската кооперација, финансиските и кредитните односи, прашањата на соработката со регионалните меѓународни економски групации, како и други прашања од значење за спроведување на политиката во областа на економските односи со странство, и за тие прашања му дава мислења и предлози на Сојузниот извршен совет.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 101
21 мај 1969 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Митја Рибичич, с. р.

352.

Врз основа на членот 14 ст. 1 и 2 од Законот за Архивот на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 48/64), државниот секретар за надворешни работи пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА УСЛОВИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА РЕГИСТРАТУРСКИОТ МАТЕРИЈАЛ И АРХИВСКАТА ГРАЃА НА ДРЖАВНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ И НА ДИПЛОМАТСКИТЕ И КОНЗУЛАРНИТЕ ПРЕТСТАВНИШТВА НА ЈУГОСЛАВИЈА ВО СТРАНСТВО

Член 1

Регистратурскиот материјал на Државниот секретаријат за надворешни работи (во понатамошниот текст: Секретаријатот) и на дипломатските и конзуларните претставништва на Југославија во странство (во понатамошниот текст: претставништвата), може да биде користен само за службени потреби.

Архивската граѓа на Секретаријатот и на претставништвата може да биде користена за службени потреби и за научноистражувачка работа.

Член 2

Истражување на архивската граѓа може да се врши само во просториите на Секретаријатот.

Член 3

Истражувањето на регистратурскиот материјал и архивската граѓа за службени потреби го вршат за тоа определени работници на Секретаријатот, врз основа на писмено барање на организационата единица на Секретаријатот, државниот орган, работната или друга организација.

Кога се во прашање итни, обемни или сложени работи, државниот секретар за надворешни работи (во понатамошниот текст: државниот секретар) или лицето што тој ќе го овласти може да одобри работите на истражувањето да ги вршат и претставници на заинтересираните органи и организации од ставот 1 на овој член, но само во соработка со работниците на Секретаријатот што се определени за таа работа, и под нивна контрола.

Член 4

Како користење архивска граѓа за научноистражувачка работа се сметаат, во смисла на овој правилник, истражувањата што ги вршат научни работници и работни или други организации што се занимаваат со научно истражување.

Член 5

Изворна архивска граѓа може да се даде на користење за научноистражувачка работа само ако не постојат снимки на таа граѓа или ако тоа го бара научниот метод на работата.

Член 6

Несредена и оштетена архивска граѓа не се дава, по правило, на користење за научноистражувачка работа. Државниот секретар може, ако најде дека тоа го бараат посебни интереси на општествената заедница, да дозволи користење и на ваква архивска граѓа.

Член 7

Истражувањето на архивската граѓа со цел за научноистражувачка работа го одобрува државниот секретар или лицето што ќе го овласти тој.

Одобрението за истражување на архивската граѓа гласи на име и не може да се пренесува на друго лице.

Член 8

Работната или друга организација што се занимава со научни истражувања, односно лицето што бара одобрение за истражување на архивската граѓа, во барањето за давање одобрение мора да ја наведе целта на истражувањето односно темата што ја обработува.

Член 9

Архивската граѓа настаната пред 1 јануари 1945 година може, по правило, да биде користена за научноистражувачка работа.

Архивската граѓа настаната по 1 јануари 1945 година може да биде користена за научноистражувачка работа дури по истекот на педесет години од денот на нејзиното настанување.

Член 10

Државниот секретар или лицето што ќе го овласти тој може, по прегледот на документите на архивската граѓа, да го ускрати објавувањето на одделни документи постари од педесет години ако нивното објавување би им било противно на општествените интереси.

Како објавување на документите се смета и повикување на бројот на деловодникот или на некоја друга архивска ознака на предметот.

Член 11

Државниот секретар или лицето што ќе го овласти тој може на лицето што врши научноистражувачка работа да му ускрати користење на граѓата ако тоа лице со граѓата постапува неправилно, ако го загрозува нејзиниот интегритет, среденоста или сигурноста, ако ги злоупотребува податоците од архивската граѓа или ако не се придржува кон одредбите на прописите за работата во читалниците на Секретаријатот.

Член 12

Работните или други организации што се занимаваат со научно истражување и научните работници не можат преписите или фото-копиите од документите што им се дадени на користење да ги објавуваат во вид на збирки на документи без претходна согласност на Секретаријатот.

Член 13

Одредбите на овој правилник се применуваат и на приватните архиви или документи што со подарок, откуп или на друг начин влегле во составот на архивската граѓа на Секретаријатот или претставништвата.

Член 14

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 239/15
17 април 1969 година
Белград

Заменик државен секретар
за надворешни работи,
Мишо Павиќевиќ, с. р.

353.

Врз основа на членот 14 точка 3 од Законот за испитување и жигосување односно обележување на рачно огнено оружје и муниција („Службен лист на СФРЈ", бр. 20/69), во спогодба со сојузниот секретар за внатрешни работи, сојузниот секретар за стопанство пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА УСЛОВИТЕ ШТО МОРААТ ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ СТРУЧНИТЕ РАБОТНИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ИСПИТУВАЊЕ И ЖИГОСУВАЊЕ ОДНОСНО ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА РАЧНО ОГНЕНО ОРУЖЈЕ И МУНИЦИЈА

Член 1

Испитување и жигосување односно обележување на рачно огнено оружје, муниција за такво оружје, како и рачни апарати и направи кај кои за погон се користи енергија на барутни гасови (во понатамошниот текст: апарати) според одредбите на Законот за испитување и жигосување односно обележување на рачно огнено оружје и муниција, можат да вршат само стручни работни организации што ги исполнуваат условите определени со овој правилник во поглед на техничката опременост и стручната подготовка на кадрите за вршење на тие работи.

Член 2

Стручните работни организации од членот 1 на овој правилник мораат да располагаат со:

1) соодветни простории за испитување и жигосување односно обележување на рачно огнено оружје, муниција и апарати, со посебни тунели и кабини за балистички проби. Овие простории, а особено тунелите и кабините за балистички проби, мораат да бидат изградени и уредени така што со испитувањето односно со балистичките проби што се вршат во нив да не се загрозува безбедноста на работниците што ги вршат тие работи ниту безбедноста на лицата и имотот во непосредната околина;

2) соодветни уреди и опрема за испитување и жигосување односно обележување на рачно огнено оружје, муниција и апарати, како што се: уреди за мерење притисок, инструменти за димензионална контрола, инструменти за мерење тврдоста на материјалите, еталон-пушки, уреди за жигосување и обележување и др.;

3) посебни простории за сместување на барут и муниција.

Член 3

Стручната работна организација од членот 1 на овој правилник мора да има потребен број работници со соодветна стручна подготовка за вршење испитување и жигосување односно обележување на рачно огнено оружје, муниција и апарати, и тоа:

1) машински инженери од военомашински смер, со тоа што барем еден од нив да мора да има најмалку 5 години работно искуство на работи во индустријата на вооружувањето;

2) Машински техничари, со тоа што барем тројца од нив да мораат да имаат најмалку 6 години работно искуство на работи во индустријата на вооружувањето;

3) висококвалификувани и квалификувани работници со потребно работно искуство на работи во индустријата на вооружувањето.

Член 4

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 5951/2
16 мај 1969 година
Белград

Сојузен секретар
за стопанство,
д-р Боривое Јелиќ, с. р.

354.

Врз основа на членот 100 став 3 од Основниот закон за осигурувањето и осигурителните организации („Службен лист на СФРЈ“, бр. 7/67, 17/67, 50/68, и 20/69), сојузниот секретар за финансии пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ИЗМЕНА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УСЛОВИТЕ ЗА ДОБИВАЊЕ ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ВРШЕЊЕ РАБОТИ НА ОВЛАСТЕН АКТУАР

Член 1

Во Правилникот за условите за добивање овластување за вршење работи на овластен актуар („Службен лист на СФРЈ“, бр. 50/67) членот 2 се менува и гласи:

„Овластување за вршење работи на овластен актуар може и без положен стручен испит да им се издаде на лица што го завршиле курсот за актуари на бившиот Државен осигурителен завод, ако ги исполнуваат другите услови од членот 1 на овој правилник.

Работи на овластен актуар можат без положен стручен испит да вршат и лица на кои според поранешните прописи им е издадено овластување за вршење работи на овластен актуар, ако имаат висока стручна подготовка и најмалку пет години работно искуство на работите на осигурувањето.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Бр. 2-7002/1
20 мај 1969 година
Белград

Сојузен секретар
за финансии,
Јанко Смоле, с. р.

355.

Врз основа на членот 31 од Законот за Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ“, бр. 34/65, 49/66, 5/67, 54/67, 9/68, 22/68, 30/68 и 17/69), сојузниот секретар за финансии пропишува

УПАТСТВО

ЗА НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕТО НА ЦАРИНСКАТА ОСНОВИЦА ЗА СТОКИТЕ ШТО ЈУГОСЛОВЕНСКИ И СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ ГИ УВЕЗУВААТ, ВНЕСУВААТ ИЛИ ПРИМААТ ОД СТРАНСТВО, А КОИ НЕ СЕ ОПФАТЕНИ СО ЛИСТАТА НА ЦАРИНСКИТЕ ОСНОВИЦИ

1. За стоките што југословенски и странски државјани ги увезуваат, внесуваат или примаат од странство, а кои не се опфатени со Листата на царинските основици, царинската основица ја утврдува царинарницата со вештачење според одредбите на ова упатство.

2. Како вештачење на стоки во смисла на ова упатство се подразбира утврдувањето на царинската основица врз основа на цените на странски пазари што се формираат во малопродажбата за поединечни купувања од страна на граѓани (некомерцијален промет на стоки).

Утврдувањето на царинската основица се врши врз основа на цените на странски пазари за стоки истоветни или најслични по квалитет и технички особини според странските каталози, проспекти, ценовници, листи на царински основици, фактури или други исправи.

При тоа утврдување се признаваат вообичаените попусти во цената (рабат, каса-сконто, ослободувања од внатрешни давачки, и сл.), ако странката даде докази за тоа.

Како малопродавни цени се подразбираат цените што се формираат во редовната малопродажба а не при распродажба на залихи на демодирани стоки, сезонски намалувања и слично.

3. Царинската основица, во смисла на ова упатство ја утврдува работникот на царинарницата што врши преглед на стоките.

Ако работникот на царинарницата не може да ја утврди царинската основица, царинарницата ќе формира комисија за утврдување на царинската основица (во понатамошниот текст: комисијата).

4. Комисијата се состои од три члена. Членовите на комисијата ги определува царинарницата од редовите на царинските работници. Според укажаната потреба, еден член на комисијата царинарницата може да определи и од редовите на стручњаци што не се работници на царинарницата.

5. На царинската декларација ќе се потпишат сите членови на комисијата што во постапката на вештачењето ја утврдиле царинската основица, и на неа ќе ги означат доказите врз основа на кои е извршено утврдувањето на царинската основица. Доказите, во границите на можноста, се прилагаат кон царинската декларација.

На начинот од ставот 1 на оваа точка, ќе постапи и царинскиот работник кој со вештачење ја утврдил царинската основица (точка 3 став 1).

6. Ако царинскиот обврзник во патничкиот промет не е согласен со утврдената царинска основица, царинарницата, откако корисникот на царинарницата ќе ѝ ги пријави стоките за редовно цариење, понатаму ќе постапи во смисла на точката 13 од Упатството за царинската постапка со стоките што домашни патници ги носат со себеси („Службен лист на СФРЈ“, бр. 10/67).

7. За стоките за кои царинската основица е утврдена со вештачење според одредбите од ова упатство, царинарницата ќе води посебна евиденција — според тарифните броеви и наименувањето од Царинската тарифа.

8. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Бр. 3-6290
19 мај 1969 година
Белград

Сојузен секретар,
за финансии,
Јанко Смоле, с. р.

356.

Врз основа на точката 2 од Одлуката за мерките и начинот за утврдување посебна давачка при увозот на одделни земјоделски и прехранбени производи („Службен лист на СФРЈ“, бр. 16/68), во согласност со сојузниот секретар за стопанство и сојузниот секретар за надворешна трговија, директорот на Сојузниот завод за цени издава

НАРЕДБА

ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА НАРЕДБАТА ЗА ВИСОЧИНАТА НА ПОСЕБНАТА ДАВАЧКА ПРИ УВОЗОТ НА ОДДЕЛНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ И ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ

1. Во Наредбата за височината на посебната давачка при увозот на одделни земјоделски и прех-

ранбени производи („Службен лист на СФРЈ“, бр. 18/68, 20/68, 21/68, 22/68, 24/68, 25/68, 29/68, 31/68, 33/68, 35/68, 41/68, 45/68, 48/68, 49/68, 55/68, 1/69, 3/69, 10/69, 11/69, 14/69, 18/69, 19/69 и 22/69) во точката 1 во одредбата под 100 на крајот точката се заменува со точка и запирка и по тоа се додаваат две нови одредби, кои гласат:

„101) 292-91-60	Пектин во износ од 13,70 динари за 1 килограм;	13.03/3
102) 431-20-10	Масла растителни стврднати во износ од 1,30 динари за 1 килограм.“	15.12/2 и 4

2. Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Бр. 17-186/1
22 мај 1969 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за цени,
Никола Филиповиќ, с. р.

357.

Врз основа на членот 5 од Законот за подготовките за донесување на Општествениот план на развојот на Југославија за периодот од 1971 до 1975 година („Службен лист на СФРЈ“, бр. 13/69), по претходно прибавено мислење од Сојузната стопанска комора, од Советот на Сојузот на синдикатите на Југославија и од републичките и покраинските органи за планирање генералниот директор на Сојузниот завод за стопанско планирање издава

НАРЕДБА

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА МИНИМУМОТ ЗАЕДНИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ПЛАНОВИ ЗА РАЗВОЈ НА РАБОТНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ, НИВНИТЕ АСОЦИЈАЦИИ И ОПШТИНИТЕ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 1971 ДО 1975 ГОДИНА

1. Се утврдува минимумот на заеднички показатели што работните организации, нивните асоцијации и општините треба да ги користат при изработката на своите планови на развојот, односно за посебното искажување на развојот за периодот од 1971 до 1975 година.

2. Заедничките показатели според точката 1 на оваа наредба се:

а) заеднички показатели за работните организации, нивните асоцијации и општините:

1. Просечно ангажирани деловни средства
2. Набавна вредност на основните средства
3. Сегашна вредност на основните средства (вредност по отпис)

*4. Вкупен приход (без данокот на промет и набавната вредност на трговските стоки)

*5. Потрошени средства (без набавната вредност и трговските стоки и амортизацијата)

*6. Амортизација

*7. Доход

издвоено од доходот:

*8. За бруто лични доходи
од тоа:

*9. За нето лични доходи

*10. За деловен фонд

*11. За други фондови на работната организација
од тоа:

*12. За фондот на заедничката потрошувачка

*13. Други издвојувања од доходот:

б) додатни заеднички показатели за работните организации и нивните асоцијации:

1. Вкупен број запослени
од тоа:

2. Кадри со висока и виша стручна подготовка

3. Кадри со средна стручна подготовка

4. Висококвалификувани и квалификувани работници

5. Обем на производството и услугите

6. Потрошок на поважни материјали

*7. Вкупни инвестиции во основни средства

*8. Од вкупните инвестиции во основни средства вложено од сопствените средства

*9. Од вкупните инвестиции во основни средства потрошено за опрема

*10. Од вкупните инвестиции во основни средства потрошено за реконструкција и модернизација на постојните капацитети

Во планот треба описно да биде дадена целта на инвестирањето и што се постига со инвестирањето (на пример, во која мера се обезбедува модернизацијата, какви економски ефекти се очекуваат, дали и во која мера се прошируваат капацитетите, дали се подигаат нови капацитети и за колкаво и какво производство, кога по години и какво ново производство се остварува, колку отпаѓа на тековните инвестиции, т.е. на инвестиции што се веќе во тек а колку на инвестиции што би се започнале во периодот по 1970 година и сл.).

*11. Инвестиции во обртни средства
од тоа:

*12. Од сопствени средства

*13. Инвестиции во објекти на општествениот стандард

14. Вредност на извозот (во САД долари)
од тоа:

15. На конвертибилното подрачје;

в) додатни заеднички показатели за општините:

1. Вкупен број жители
од тоа:

2. Земјоделски жители

3. Вкупен број активни жители
од тоа:

4. Во примарни дејности

5. Во секундарни дејности

6. Во терцијарни дејности
од тоа:

7. Во стопанството

8. Вкупен број запослени во општествениот сектор
од тоа:

9. Во стопанството

*10. Вкупен општествен производ
од тоа:

11. Општествен сектор на стопанството

12. Индивидуален сектор на земјоделството

13. Индивидуално занаетчиство

14. Индивидуално угостителство

*15. Вкупен личен приход на населението
од тоа:

16. Од работен однос

*17. Вкупни буџетски средства (без дотациите на фондовите и без буџетските инвестиции)
*18. Вкупни средства на здравството (без инвестициите)
*19. Вкупни средства на социјалното осигурување (без инвестициите)
*20. Вкупни средства на културно-просветната дејност (без инвестициите)
од тоа:
*21. За образование
22. Вкупен број ученици во основните училишта
23. Вкупен број ученици во средните училишта
24. Вкупен број ученици во вишите и високите школи
*25. Стопански инвестиции
*26. Нестопански инвестиции
од тоа:
*27. Во културно-просветната дејност
од тоа:
*28. За образование
*29. Во социјално-здравствената дејност
*30. Во станбено-комуналната дејност
од тоа:
*31. За станбена изградба
*32. Вкупно изградена станбена површина во m^2
од тоа:
33. Во лична сопственост.

3. Податоците според показателите од точката 2 на оваа наредба треба да се однесуваат на 1966, 1970 и 1975 година.

4. Податоците според показателите од точката 2 на оваа наредба пред чии редни броеви е знакот „*“ се искажуваат и кумулативно, и тоа посебно за периодот од 1966 до 1970 година а посебно за периодот од 1971 до 1975 година.

5. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

01-бр. 459/1

22 мај 1969 година
Белград

Сојузен завод за стопанско планирање

Генерален директор,
д-р **Рикард Штајнер**, с. р.

358.

Врз основа на членот 4 став 1, членот 25 став 4 и членот 29 став 1 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ“, бр 16/60 и 30/62), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ СТАНДАРД ОД ОБЛАСТА НА ИНДУСТРИЈАТА НА ГУМА

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесува југословенскиот стандард:

Производи од гума. Микропорозни материјали за обувки — — — JUS .G.D1.045

2. Југословенскиот стандард од точката 1 на ова решение е објавен во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел на ова решение.

3. Југословенскиот стандард од точката 1 на ова решение се применува од 1 јули 1969 година.

4. Престанува да важи југословенскиот стандард:

Гумени потпетици — — — — JUS. G.D1.043 донесен со Решението за југословенските стандарди за производи од гума („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 31/54).

5. Југословенскиот стандард од точката 4 на ова решение престанува да важи на 1 јули 1969 година.

Бр. 24-2144/1
9 април 1969 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
Славољуб Виторовиќ, с. р.

359.

Врз основа на членот 20. точ. 3 и 4, во врска со чл. 16 и 23 од Законот за Сојузниот совет за координација на научните дејности и за Сојузниот фонд за финансирање на научните дејности („Службен лист на СФРЈ“, бр. 16/65), Управниот одбор на Сојузниот фонд за финансирање на научните дејности донесува

ОДЛУКА

ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РОКОТ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ БАРАЊА СПОРЕД КОНКУРСОТ ЗА ДАВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА ИНВЕСТИЦИИ

1. Рокот за поднесување барања за давање средства, определен во точката 12 на Конкурсот за давање средства за инвестиции („Службен лист на СФРЈ“, бр. 45/68), се продолжува до 15 јули 1969 година.

2. Другите услови предвидени во другите одредби на Конкурсот важат и во рокот продолжен со оваа одлука.

Бр. 1321/1
16 мај 1969 година
Белград

Сојузен фонд за финансирање на научните дејности

Директор,
Радивое Раичевиќ, с. р.

Претседател
на Управниот одбор,
Кемал Тарабар, с. р.

360.

Врз основа на членот 10 од Законот за девизното работење („Службен лист на СФРЈ“, бр. 29/66, 54/67, 55/68, 13/69 и 20/69) и членот 51 од Законот за Народната банка на Југославија („Службен лист на СФРЈ“, бр. 12/65, 47/66 и 55/68), гувернерот на Народната банка на Југославија донесува

ОДЛУКА

ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗНЕСУВАЊЕ И ВНЕСУВАЊЕ ЕФЕКТИВНИ ДИНАРИ ВО ПАТНИЧКИОТ ПРОМЕТ СО СТРАНСТВО

1. Во Одлуката за изнесување и внесување ефективни динари во патничкиот промет со странство („Службен лист на СФРЈ“, бр. 45/66) по точката 2 се додава нова точка 2а, која гласи:

„2а. Јубиларните златници во апоени од 1000, 500, 200 и 100 динари и сребреници во апоени од 50 и 20 динари, исковани врз основа на Одлуката за изработката и обележјата на јубиларните златници и сребреници („Службен лист на СФРЈ", бр. 50/68), а кои се емитираат почнувајќи од 9 јуни 1969 година врз основа на Решението за емитирање на јубиларни златници и сребреници („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/69), можат домашни и странски лица да ги внесуваат во Југославија без ограничување.

Јубиларните златници и сребреници од ставот 1 на оваа точка странските лица можат да ги изнесуваат од Југославија само со потврда од царинарницата за пријавата при внесувањето, односно со пресметка на банката за нивното купување во Југославија.

Јубиларните златници и сребреници од ставот 1 на оваа точка домашните лица не можат да ги изнесуваат од Југославија."

2. Во точката 3 по зборовите: „Со ефективните динари" се додаваат зборовите: „и јубиларните златници и сребреници,", а зборовите: „според точ. 1 и 2" се заменуваат со зборовите: „според точ. 1, 2 и 2а".

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 58
16 мај 1969 година
Белград

Народна банка на Југославија

Вицегувернер,
Бранислав Чолановиќ, с. р.

361.

